**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 02-887/4
**16.07.2018 година**

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, согласно член 53 точка 6, член 70 и член 81 точка 15 од Статутот на својата прва, конститутивна седница одржана на 16.07.2018 ја донесе следната

**О Д Л У К А**

(За редовен стручен надзор)

**Член 1**

Извршниот одбор согласно утврдените и потпишани листи од Министерот за здравство на стоматолошки здравствени установи во коишто ќе се спроведе редовен стручен надзор за 2018 година врз работата на стручноста на здравствените работници и стоматолошките здравствени установи опрдели дека Комисиите за редовен стручен надзор ги определуваат Регионалните одбори од своите членови на свои официјални седници имајќи го во предвид фактот дека ако се спроведува стручен надзор во специјалистичка стоматолошка здравствена установа потребно е во состав на Комисијата да има најмалку еден член со степен на квалификација соодветен на носителот на дејноста на здравствената установа ( специјалист независно од која стоматолошка специјалност).

**Член 2**

Да се спроведе стручен надзор по редовна постапка на здравствените установи кои се опфатени во годишната програма за 2018 година на која е добиена согласност од Министерот за здравство.

1. Рок за спроведување на стручниот надзор е 01.09. – 15.12.2018 година.
2. Да се формираат Комисии за стручен надзор за секој регион. Во комисиите да бидат именувани членови на регионалниот одбор, со тоа што задолжително треба да се внимава на составот доколку се спроведува стручен надзор во специјалистичка ординација. Имено, доколку се врши надзор во специјалистичка ординација најмалку еден член од Комисијата мора да е специјалистичка лиценца за работа и доколку нема таков член во регионалниот одбор, регионалниот одбор да номинира од докторите во самиот регион.
3. Редовниот стручен надзор комисиите нема да го спроведуваат во својот регион туку во близок регион согласно приложената и определена листа од ИО на СКМ како

- Комисија за стручен надзор од Р.О. Центар ќе врши контроли во ординации во Р.О. Аеродром

- Комисија за стручен надзор од Р.О. Аеродром ќе врши контроли во ординации во Р.О. Центар

- Комисија за стручен надзор од Р.О. Карпош ќе врши контроли во ординации во Р.О. Кисела вода

Комисија за стручен надзр од Р.О. Кисела вода ќе врши контроли во ординации во Р.О. Карпош

- Комисија за стручен надзор од Р.О. Чаир ќе врши контроли во ординации во Р.О. Гази баба

- Комисија за стручен надзор од Р.О. Гази баба ќе врши контроли во ординации во Р.О. Чаир

- Комисија за стручен надзор од Р.О. Охрид ќе врши контроли во ординации во Р.О. Кичево

- Комисија за стручен надзор од Р.О. Кичево ќе врши контроли во ординации во Р.О. Охрид

- Комисија за стручен надзор од Р.О. Тетово ќе врши контроли во ординации во Р.О. Гостивар

- Комисија за стручен надзор од Р.О. Гостивар ќе врши контроли во ординации во Р.О. Тетово

- Комисија за стручен надзор од Р.О. Струга ќе врши контроли во ординации во Р.О. Дебар

- Комисија за стручен надзор од Р.О. Дебар ќе врши контроли во ординации во Р.О. Струга

- Комисија за стручен надзор од Р.О. Велес ќе врши контроли во ординации во Р.О. Кавадарци со Неготино

- Комисија за стручен надзор од Р.О. Кавадарци со Неготино ќе врши контроли во ординации во Р.О. Велес

- Комисија за стручен надзор од Р.О. Битола, Ресен и Демир Хисар ќе врши контроли во ординации во Р.О. Прилеп, Крушево и Македонски Брод

- Комисија за стручен надзор од Р.О. Прилеп, Крушево и Македонски Брод ќе врши контроли во ординации во Р.О. Битола, Ресен и Демир Хисар

- Комисија за стручен надзор од Р.О. Струмица ќе врши контроли во ординации во Р.О. Гевгелија

- Комисија за стручен надзор од Р.О. Гевгелија ќе врши контроли во ординации во Р.О. Струмица

- Комисија за стручен надзор од Р.О. Кочани и Виница ќе врши контроли во ординации во Р.О. Берово, Пехчево и Делчево

- Комисија за стручен надзор од Р.О. Берово, Пехчево и Делчево ќе врши контроли во ординации во Р.О. Кочани и Виница

- Комисија за стручен надзор од Р.О. Куманово, Кратово и Крива паланка ќе врши контроли во ординации во Р.О. Штип со Радовиш и Р.О. Свети Николе, Пробиштип и Македонска Каменица
- Комисија за стручен надзор од Р.О. Р.О. Штип со Радовиш и Р.О. Свети Николе, Пробиштип и Македонска Каменица ќе врши контроли во ординации во Р.О. Куманово, Крива Паланка и Кратово.

**Член 3**

Се задолжува Стручната служба на Комората да ги достави упатства и останатиот материјал за спроведување на надзорот до регионите на СКМ и Комисиите за спроведување на стручен надзор.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседател на Извршен одбор на СКМ
**Д-р Мирилинд Селими**